**СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР**
**НАД СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ПРОФЕСИЈА**
**НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Бр.** 03-25/2
05.04.2024

**ДО ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ**
- **За претседател Весна Прентоска**

**ПРЕДМЕТ : Известување по однос на примена на Правилникот за КПУ**

Почитувани,

Советот за унапредување и надзор над сметководствената професија на РСМ на седница, одржана на ден 01.04.2024 година го разгледа Барањето за одлагање на примена на Правилникот за континуирано професионално усовршување и по однос на истиот го повикаа Претседателот на Институтот да ги образложи досегашните активности и донесениот Правилник.

Ве информираме, дека пред да се започне со расправање по горенаведената точка од Дневниот ред на седницата на Советот, Претседателот на Советот Др. Горан Рафајловски се иззема од разгледување и одлучување по однос на истата и ја напушти седницата како не би имал судир на интереси. Со точката од дневниот ред заседаваше членот на Советот, Јетон Мазлами.

Претседателот на Институтот укажа дека барањето за одлагањето на примената на правилникот е поднесено од страна на 7 од вкупно 16 акредитирани консултантски куќи, дека во истото се бара период на прилагодување.

Исто така, од страна на Претседателот на Институтот беше укажано дека видно од правилникот и од програмата која ќе биде точка на дневен ред на наредното Собрание не станува збор за нови теми, туку темите во најголемиот дел се поклопуваат со моменталната времена програма која претходната година биле предложена од самите Консултантски куќи. Претседателот на Институтот ја образложи и целокупната постапка на носењето на овој правилник како и дека

беше одржана средба со Консултантските куќи, на ден 22.02.2024 година, за која приложи и Записник на увид дека по основ на забелешките на Нацрт Правилникот доставени од Консултанстките куќи кои ги приложија во рок кој самите го побарале, постапувала Комисијата за образование, обука и публикации при Институтот која врз основа на забелешките извршила измени и ревидирање на Нацрт Правилникот и дала претходна согласност, па така предложената содржина на Правилникот подоцна била усвоена од УО на Институтот и додаде дека постапката е разгледана и од страна на НО на Институтот кој утврди дека постапувањето од страна на органите било законито.

По увид во приложеното, во содржината на Правилникот и развиената дискусија членовите на Советот, едногласно донесоа заклучок со кој Правилникот за КПУ се разгледува и прифаќа во целост. Не се прифаќа предлогот за одложена примена на Правилникот за КПУ. Едногласно се утврди дека содржината на Правилникот за КПУ е донесен во насока на издигнување на професијата и истиот ќе придонесе кон подобрување на квалитетот на обуките, а со неговата примена членството ќе добие ново знаење, поради што повеќе од потребно е Институтот како тело кое ги издава одобренијата за спроведување на обуки да врши проверка и надзор над правните лица на кои им е издадено одобрение за спроведување на КПУ.

Врз основа на горе наведеното, а од причина што Институтот при донесувањето на Правилникот постапувал согласно барањето на членството за подобрување на нивото на обуките, па оттука како Институтот, така и Советот застапувајќи ги интересите на сметководствената фела, смета дека со донесениот Правилник ќе се подигне нивото како на обуките, така и знаењето на членството , а со истото ќе се постигне и целта за отпочнување активностите за членство во ИФАК. Со оглед да мандатот на Советот покрај другото е унапредување на професијата, членовите на Советот заземаа едногласен став дека неприфатливи се обидите за уназадување на професијата.

**Претседател на Советот**
**Др. Горан Рафајловски**

